Врз основа на член 20 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (Сл.весник на Р.М. бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09 и 47/11), член 4 од Законот за јавен долг ("Службен весник на Република Македонија" бр.62/05, 88/08, 35/11 и 139/14 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 98/19 и 151/21) и член 36 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на Р.М. бр.5/02),

Советот на Општина Кичево на седница одржана на ........ 2025 година донесе

**ПРЕДЛОК - О Д Л У К А**
**За долгорочно домашно задолжување на Општина Кичево во рамки на Проект за енергетска ефикасност во јавниот сектор (ПСЕЕП)**

**Член 1**

Со оваа Одлука се уредува долгорочно домашно задолжување на Општина Кичево, кое ќе се оствари преку потпишување на Договор за под-заем и грант со Министерството за финансии, во рамки на средствата обезбедени со Проектот за енергетска ефикасност во јавниот сектор финансиран со заем од Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка, во вкупна висина до **38.423.357,00 денари**, при што 30.738.685,00денари се средства од под-заем (*во висина од 80% од вкупната инвестиција*), додека 7.684.671,00 денари се грант средства (*во висина од 20% од вкупната инвестиција*). Овие средства ќе се искористат за финансирање на капиталниот инвестиционен проект:

1. Основен Проект за Реконструкција, спроведување мерки за Енергетска Ефикасност во ОУ „Санде Штејроски„ КП 6686/4 со тех.бр.П-53-24/23 во Износ од **16.760.882,00**
2. Основен Проект за Реконструкција, спроведување мерки за Енергетска Ефикасност во ОУ „Др. Владимир Полежиноски„ Кичево КП3813/1 со тех.бр.П-53-25/23 во Износ од **21.662.475,00**

**Член 2**

Задолжувањето ќе се реализира по пат на домашно долгорочно препозајмување преку Проектот за енергетска ефикасност во јавниот сектор, финансиран со заем од Меѓународната банка за обнова и развој-Светска банка, под следните услови:

-Каматна стапка: шест месечен EURIBOR со фиксен распон
-Грејс период: максимум до 1 години
-Рок на отплата: максимум до 6 години
-Последниот датум на отплата на заемот нема да биде подоцна од 31.12.2031 година

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Кичево.

**Советот на Општина ____________**
**Претседател**